Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 02-8448/2
28-11-2016 20 год.
СКОПЈЕ

**До**
**Директорите на Јавните установи за деца**
**- детски градинки**

Почитувани,

Со внимание ги разгледав реакциите на моето укажување да се почитува законски утврденото работно време од синдикатото, вработените воспитувачи и негователи во јавните установи за деца – детските градинки. Целта на укажувањето беше исклучиво да се заштити интересот на децата, родителите и на вработените во овие установи. Не смее да се дозволи децата да страдаат затоа што некоја политика партија сака да полни автобуси со вработени во јавната администрација.

Очигледна е намерата кај власта да се злоупотреби ова укажување за политички предизборни цели и да се дезинформираат вработените во градинките со цел да се предизвика штрајк.

Затоа, за да нема никакви дилеми и за да не оставам никаков простор за дезинформирање на воспитувачите и негувателите сакам јасно и прецизно да посочам на следниве две работи:

1. **Работното време не се менува**, останува какво што е предвидено во член 67 од Законот за детска заштита и подзаконските акти. Воспитувачите и негувателите имаат право пропишаните два часа од работното време за подготовка и други активности да ги реализираат дома.

2. Вработените во градинките не смее да бидат предмет на уцени, закани и условувања да ја напуштаат својата работа предвреме за да присуствуваат на партиски активности. Секој кој ќе се дрзне да прави вакви притисоци ќе биде санкциониран согласно законите.

Барам ова известување, директорите веднаш да гое стават на увид и запознавање на сите вработени во детските градинки со цел објективно информирање и избегнување на секаков вид манипулации.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**д-р Фросина ТашевскаРеменски**